# ОПЛАТИН К

*Површински забавувач на врзувањето на бетон и малтер, за изработка на “кулие” бетон со текстура до 5mm*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За изработка на “кулие” бетонски или малтерски површини, каде има потреба од видлива површинска структура на агрегатот кај класично изведени или префабрикувани бетонски елементи, бетонска галантерија, поплочување, фасадни елементи и слично, а се употребува и како подготовка на бетонската површина при прекини на бетонирање, за постигнување на подобра врска помеѓу изведениот и новиот бетон.

## СВОЈСТВА

- едноставен за изведба;
- го забавува врзувањето на површинскиот слој на бетонот или малтерот;
- се нанесува на хоризонтални и вертикални површини;
- се нанесува директно врз свежиот бетон или на оплатата;
- соодветен за нанесување врз дрвени, пластични и метални оплати;
- не се потребни дополнителни средства за полесно одвојување на бетонот/ малтерот од оплатата;
- не содржи хлориди и киселини.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | кафена вискозна смеса |
| Густина | - | 1,45-1,50 g/cm³ |
| Длабочина на слојот врз кој влијае Оплатин К | - | 5mm |
| Отстранување на неврзаниот слој од цементната мешавина (миење на површината) по нанесувањето на Оплатин К, на 20°C | - | од 16- 24h во зависност од бетонската мешавина |
| Температура при вградување | - | 5-30˚C |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Оплатин К делува на свежа цементна мешавина (бетон или малер), во слој со дебелина од околу 5mm. Нанесувањето може да се изведе на оплатата или врз вградената мешавина.

Врз оплата

Може да се нанесе врз дрвена, челична или пластична оплата, непосредно пред вградувањето на бетонот. Оплатата треба да биде здрава и чиста, без прашина. Доколку е потребно Оплатин К да се нанесе на дел од оплатата, за попрецизна изведба се препорачува пред нанесувањето рабовите на полето да се ограничат со креп трака, која се отстранува непосредно пред бетонирањето.

При употреба на Оплатин К не е потребно дополнителна употреба на средства за полесно ослободување на оплатата (калапот), но доколку производот се користи на дел од површината од елементот кој се изработува, дозволена е негова апликација врз претходно нанесен Оплатин В, кој ќе овозможи полесно одвојување на оплатата од останатата површина на бетонот или малтерот.

Врз бетон или малтер

Бетонската или малтерската мешавина потребно е да биде свежо изведена, квалитетно изработена и вградена, без присуство на испливана вода врз површината, каде се нанесува Оплатин К.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**ВГРАДУВАЊЕ**

Оплатин К се нанесува со четка, ваљак или со распрскување во воедначен слој со дебелина до 1mm. Кога нанесувањето е на оплатата, тоа е непосредно пред вградувањето на бетонот или најдоцна 30-60 min пред бетонирањето.

По 16-24h од бетонирањето, во зависност од карактеристиките на бетонската мешавина, температурните услови и посакуваниот изглед, потребно е површината со Оплатин К да се измие, односно да се отстрани површинскиот неврзан слој од цементната мешавина со вода под притисок од 4-8bar.

## ПОТРОШУВАЧКА

150-250 g/m$^2$

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, заштитен од директно сонце, на температура од 5-30˚C. Рок на употреба: 6 месеци.

Опасност по здравјето: Оплатин К не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Оплатин К е незапалива смеса. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Оплатин К се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk